KNOWLEDGE – International Journal
Vol.30.2
March, 2019

# PROFESSIONAL AND PEDAGOGICAL ETHICS OF TEACHERS

**Gorica Popovska Nalevska**
Faculty of Psychology, International Slavic University "Gavrilo Romanovich Derzhavin" Sveti Nikole – Bitola, R.Macedonia, popovska.g@gmail.com
**Filip Popovski**
Faculty of technical sciences, „St. Kliment Ohridski University"-Bitola, Macedonia, filip.popovski@tfb.uklo.edu.mk

**Abstract:** Professional ethics is a theoretical and applied discipline that studies the established professional morale, behavior among people, employees in a given profession and between different professional groups. Ethics has the task not only to describe patterns of behavior and morality, but also to act through them. Schools and teachers are major factors in the ethical building of a person. They promote the general moral norms of society and, through the curriculum, organize programs on the development of positive moral properties, character and personality of the student.
Pedagogical ethics is a special kind of professional ethics, which aims at creating the most accurate, most humane, most correct fulfillment of the profession teacher. Pedagogical ethics is a projection of social morality, hence the ultimate goal of the teacher is to educate members of society. The more serious contradiction of the teacher's professional role in the traditional and contemporary concept of teaching, which are often parallel in our educational practice, is only one of the more significant difficulties and reasons for the general acceptance of the code of the teacher's profession.
**Keywords:** teacher, profession, professional ethics, pedagogical ethics.

# ПРОФЕСИОНАЛНА И ПЕДАГОШКА ЕТИКА НА НАСТАВНИЦИТЕ

**Горица Поповска Налевска**
Факултет за психологија, Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Државин" Свети Николе – Битола, Македонија, popovska.g@gmail.com
**Филип Поповски**
Технички факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Македонија, filip.popovski@tfb.uklo.edu.mk

**Апстракт:** Професионалната етика е теоретска и применета дисциплина, која што го изучува утврдениот професионален морал, однесувањето меѓу луѓето, вработените во дадена професија и меѓу различните професионални групи. Етиката има задача не само да ги опиши моделите на поведение и морал, но и да дејствува преку нив. Училиштето и наставниците се големи фактори на етичка изградба на личноста. Тие ги промовираат генералните морални норми на општеството и преку наставните планови и програми организирано дејствуваат врз развивањето на позитивни морални својства, карактерот и личноста на ученикот.
Педагошката етика е посебен вид на професионална етика, кој има за цел создавање на најточно, најхумано, најправилно исполнување на професијата педагог, наставник. Педагошката етика е проекција на општествениот морал, па оттука крајната цел на наставникот е да воспитува членови на општеството.
Се поизразената противречност на професионалната улога на наставникот во традиционалниот и современиот концепт на наставата, кои често паралелно се присутни во нашата образовна практика, е само една од позначајните тешкотии и причини за општо прифаќање на кодексот на наставничката професија.
**Клучни зборови:** наставник, професија, професионална етика, педагошка етика.

## 1. ВОВЕД

Наставникот е личност на која општеството и признава дека е квалификувана да образова и воспитува деца, младинци и возрасни. Извршувањето, пак, на должноста претставува подрачје поврзано со професионалната етика. Професионалниот морал никнува заедно со диференцијацијата на професиите после општествената поделба на трудот. Токму поради тоа, тој претставува составен дел на општествениот морал. Професијата кај нејзините носители формира не само професионални навики, туку и определени црти на личноста.
Професионалната етика, е конститутивен елемент на секоја професија. Под професионална етика, се подразбира „збир од етички норми, вредности и цели од кои треба да се раководат припадниците на

некоја професија во примената на своите професионални знаења“ (Biondić, 1988). По правило сите професии, особено оние кои во својата работа општествено и морално се прилично изложени пред очите на јавноста – вклучувајќи ја и наставничката, имаат етички водич, одлуки или кодекс, во кои се вградени професионални, културни и политички норми на однесување, како и врдности што се очекуваат од припадниците на тие професии.

Професионалната етика (како секоја етика – општа или посебна) се однесува на улогата на личноста во извршувањето на некоја дејност. „Работата има вредност толку колку што вреди човекот кој ја прави“, вели прочуениот истражувач на професионалната етика Кербер де Меделсхајм. Во професионалната етика се расрава пред сè за однесувањето на професионалецот кон знаењата/вештините и кон обврските, како и во контактите со другите луѓе, со кои доаѓа во допир кога ја извршува должноста.

Наставникот треба да биде приврзан кон својата работа и кон своите ученици, да умее да ги согледа проблемите и ефективно да управува со нив. Наставничката професија е хуманистичка, т.е. современиот наставник треба да поседува висок степен на хуманизам и социјализација и истите да ги развива со своите ученици и соработници.

Професионалните карактеристики на наставникот се оние кои се однесуваат на неговите знаења, на сфаќањето и спроведувањето на одговорноста на неговиот активизам во едукативната дејност, на тоа како ги организира воспитувањето и образованието, какви се неговите особени професионални етички својства и евентуалните лични својства, кои се пројавуваат во личноста на наставникот.

Потребата од задоволување на стандардите за компатибилност, современост и ефикасност на образовната практика го актуелизира прашањето за научно осмислен и глобален приод во таа сфера. Училишните кадри се наоѓаат во центарот на општествените настојувања за подобрување на квалитетот на нивната работа и подигање на ефикасноста на воспитно – образовната институција. Специјализацијата и супспецијализирањето во определената област како есенцијална карактеристика на современото образование ниту во еден сегмент не би требало негативно да влијае во пренесувањето на фундаменталните човечки знаења и вредности кои треба да ги усвои секоја индивидуа за да се изгради како образована, слободна и хумана личност. Имајќи ја предвид потребата од континуирано адаптирање на секоја индивидуа на ново настанатите прилики, сосема е извесно дека постои потреба за континуирано надградување и усовршување.

Со оглед на фактот дека формалното образование тешко може да ја следи динамиката на новите потреби и промени, очигледна е потребата од нова архитектура на системот на иницијална обука и системот на професионално усовршување на училишните кадри. Тоа ќе овозможи континуирано усовршување на наставните кадри во својата професија, субспецијализирање во одредена област во согласност со нивните интересирања и реалните потреби.

Еве неколку примери за посакуваниот професионален развој на наставниците:

- Новиот модел на професионален развој на наставниците се заснова на концептот на конструкција на знаењата. Знаењето не може да се преснесе, тој што учи мора со својата сопствена активност да го конструира. Според тоа, наставникот се третира како партнер во процесот на изградување на знаењето во педагошката комуникација, но и практичар кој ја промислува сопствената работа, практика, некој кој врз основа на старите знаења гради нови знаења и искуства;
- Обуката на наставникот е фазен, долгорочен и перманентен процес, додека универзитетското образование е само првата фаза во подготвувањето на неговата идна улога. Не постои јаз меѓу базичното образование на наставниците и нивното понатамошно усовршување;
- Професионалниот развој на наставникот се случува во специфичен контекст, т.е. начесто во училиштето, тесно е поврзан со дневните активности на наставникот и ученикот и на него многу делуваат знаењата и искуствата на наставникот;
- Постојано следење и редовна поддршка и помош на наставникот во неговата работа со постојани повратни информации, преку разни видови на евалвации. Оценка на неговата работа не дава само советникот, туку и неговите колеги, парови или тимови на наставници;
- Наставникот прави свои рефлексии и врз нивна основа спроведува мали испитувања (наставникот како истражувач), ги вклучува во својата работа, менувајќи ја и унапредувајќи ја;
- Постојаното усовршување е задолжителен дел од наставничката улога и е вградено во системот на кариерен развој;
- Тимската работа на наставникот и другите колеги систематски е предвидена во дефинирањето на работата. Професионалниот развој на наставникот е кооперативен процес и иако има простор и за изолирана работа, постои смислена интеракција на наставниците меѓу себе, како и со стручните соработници, родителите и членовите на заедницата.

- Се инсистира на професионално здружение на наставниците кое, покрај грижата за положбата на професијата и за стручниот развој, ќе води сметка и за организирање на разни видови на професионална помош, ќе се грижи за оложбата на наставниците во општеството и слично.

Ликот на наставникот треба да биде во согласност со реалното случување и антиципираните потреби. Тоа е лик на наставник за 21 век – богат на општо образовно и стручно поле и оспособен и мобилен на планот за стекнување потребни вештини и вредности за успешно реализирање на неговата професија.

На наставничката професија треба да се гледа како на есенцијална етичка професија од повеќе причини:

1. Воспитно - образовната работа е вредносна дејност, затоа што е основа на цивилизацијата, подигнувањето, растењето и развојот и човекот – идеата е нештата да се направат подобри. Поврзаноста помеѓу вредностите, воспитно – образовната работа и училиштата е очигледна од целите, па се до поединечните детали како што се часовите минати по секој наставен предмет во училиштето. Поставените цели покажуваат што ние сметаме за важно и вредно: знаењето, социјализацијата, креативноста, етичките вредности, кооперативноста, критичноста или одговорноста...? Наставниците имаат висок степен на слобода во креирањето на целите, изборот и интерпретирањето на содржините и методите (Strike, 1990).

2. Она што ја прави наставничката професија морално чувствителна е фактот дека се работа со деца, врз кои лесно може да се влијае, а кои не се способни за одбрана на себе си и на своите права како возрасните. Наставниците треба да бидат свесни за ранливоста на децата и за нивнита одговорност кон нив. Преку нивното знаење и вештини, наставниците влијатт врз формирањето поглед и разбирање на светот, наставничките "позитивни ефекти" може да бидат одлучувачки за: охрабрување, инспирирање и отворање на нови перспективи и можности преку нивното учење.

3. Дали наставникот сака или не тој е секогаш модел на возрасен во очите на детето. Учениците гледаат секојдневно како наставникот се соочува и ги решава дилемите, како размислува и донесува одлуки. Она што исто така за наставникот е етички комплексна задача е фактот дека мора да донесуваат одлуки во средина на различни вредности и противречности. Не е невообичаено што за одредени вредности или мислења на засегнатите страни (наставници, ученици, родители...) може да постои несогласување за одредени прашања. Понекогаш мора да се прашуваат кој е најповикан во дефинирањето и донесувањето на одлуките кои се најдобри за детето.

4. Четвртиот критериум кој укажува на етичност во наставничката професија е нејзиното широко влијание врз поединците, општеството и иднината на човештвото. Нема други професионалци кои за толку долго време работи со сите (или повеќето) од луѓето. Со оглед на времето, можностите за влијание се неспоредливи. Ако образованиeто има ефект врз луѓето (а тоа е факт) наставничката професија е од клучно значење за општеството. Наставниците едуцираат идни граѓани и носители на одлуки кои се значајни за целото човештво.

Наставничката професија во нашата земја долго време немаше свој напишан и прифатен етички кодекс. Првиот обид е направен во 1996 година, во една од гимназиите во Скопје, а во јуни 1997 година е усвоен и кодекс на просветни работници во Р. Македонија.

Во "Кодексот за однесување на наставници" јасно се дефинирани: основните норми и начела, професионалниот лик на наставникот и струката, односот на наставникот кон: наставниот час, ученикот, родителот, меѓусебниот однос со наставниците и стручните соработници, училиштето и општествената заедница. Со овој кодекс се опфатени основните барања и начела што го определуваат професионално - етичкото однесување на наставниците.

Тешко е да се објаснат вистинските причини зошто една професија со долга традиција, јасно дефинирана, каква што е наставничката, долго време немаше свој напишан и прифатен кодекс. Уште потешко е да се верува дека штотуку усвоен кодекс во ова време на промени, кога се напуштаа многу поранешни ставови и вредности, брзо ќе бидат општо прифатени и дека ќе станат наша практика.

## 2. НАСТАВНИКОТ КАКО МОДЕЛ НА ЕТИЧНОСТ

Наставничката професија ја краси една важна специфичност – неможноста за повлекување на остра граница меѓу професионалното и личното. Наставникот го анализираме и оценуваме не само како професионалец, туку пред сè, како личност која извршува одредена професионална улога.

Ако подучувањето на ученици го одредуваме како основна функција на наставникот, треба да имаме на ум, дека иако актот на подучување првенствено е интелектуална и когнитивна активност, секогаш ја подразбира и вклучува социо – емоционалната димензија на личноста. Тоа е процес кој е емотивно и вредносно обоен.

Насоченоста кон квалитетот во последниве десеттина години, зазема централно место во сите сегменти на човековото живеење, посебно во областа на производството и услугата, но еднакво важен е и

квалитетот во работата на воспитно – образовните институции, квалитетот на наставниот процес, квалитетот на наставникот како носител на тој процес.

Квалитетниот наставник е „среќна личност, способна за проценување, слободна за одлуки, јасни цели и храбра за дејствување“. Покрај нив постојат низа други особини и професионални обележја во однесувањето на квалитетниот наставник како што се: почитување на правилата на сопствената професија, спремност за истражување, експериментирање, откривање и креативност, целта му е да си осигура среќен живот за себе и своите ученици, општествените вредности ги става пред материјалните, има свои идеали, насочен е кон иднината, владее со сопствените мисли и чувства, не се плаши од неуспех и постојано се усовршува...( Gruden, 1997).

Успешениот наставник поседува знаења, способности и моќ да реализира квалитетна настава. Тој знае кои методи да ги примени за правилно воспитување. Има повеќе критериуми според кои може да се дефинира успешен наставник. Од нив посебно се истакнуваат следниве три: стручната оспособеност; степенот на неговото ангажирање во наставата и резултатите од работата со учениците; однесувањето кон учениците, соработниците, родителите и.т.н. Стручната способност се остварува на факултетите, а се надградува во текот на целиот работен век. Знаењата што наставникот ги стекнува за време на студирањето се извонредно значајни, но тие не се доволни за да може тој целосно да одговори на сложените професионални обврски. Затоа, наставникот мора перманентно да работи на своето стручно и педагошко усовршување, многу да чита, да учи, да посетува семинари и други облици на обука, да ја истражува работата на поискусните наставници и слично.

Успешниот наставник во својата работа се раководи од принципот освен што е важно „што предава“, уште поважно е и „како тоа го предава“, за да постигне подобри резултати. Новата улога на наставникот е повеќе да ги насочува учениците, а помалку да им пренесува готови информации и знаења. Затоа, тој се повеќе се јавува во улога на организатор, поттикнувач, консултант, насочувач, координатор, медијатор и слично.

Една од приоритетните задачи на секој наставник е да ги научи учениците како сами да учат, со цел тие да станат приврзаници на идејата за доживотно учење. Оспособувањето на младите за самостојно учење денес е општ тренд во целиот свет во современото образование и е една од најважните задачи на сите степени на образованието. Важен услов за тоа е секојдневното користење разновидни извори на знаења, како од учениците, така и од наставниците. Добриот наставник ја преферира индивидуализираната работа во наставата и знае да ги поттикне и активира сите потенцијали на секој ученик и да го насочи кон квалитетно учење. Успешноста на наставникот се цени според остварените резултати и од другите активности кои имаат влијание врз успехот на учениците.

Однесувањето на наставникот кон учениците, колегите со кои работи, со родителите исто така е еден од значајните критериуми за успешноста на наставникот. Најголемиот број наставници ги почитуваат правата на учениците, нивната личност и достоинство. Притоа, тие создаваат услови за негување на толеранција и заемно почитување на учениците. Го следат и помагаат напредувањето на учениците. Го поттикнуваат логичното мислење кај своите воспитаници. Родителите редовно ги информираат за напредувањето на нивните деца и работат на зголемување на нивното педагошко образование.

Во наставната практика често се случува наставникот да прави залудни обиди да ја поттикне мотивацијата на своите ученици, зборувајќи за важноста и значењето на училиштето, корисноста од стекнатите знаења, декларативното нагласување на одговорното однесување, потребата од градење демократски односи и почитување на правото на различност. Истовремено неодговорното однесување на наставникот (доцнење, непочитување на договорот со учениците), казнување и присилување, етикетирање на учениците, исмејување и слично е сосема спротивно на она што тој ги поучува. Таквиот пристап на наставникот создава конфузија и несигурност кај ученикот, ги нарушува меѓусебните односи и чувството на доверба и го демотивира ученикот за работа. Од друга страна, мотивираните и заинтересираните ученици, пред својот наставник поставуваат многубројни барања, нови предизвици и одговорности во учењето, кои ќе можат да ги задоволат нивните потреби. Оттука улогата на наставникот е многу одговорна и често пати исцрпувачка.

Ученикот најпрвин го доживува наставникот како личност, неговото однесување, реакциите, емоциите, морално – етичките гледишта, влијаат на тоа колку ученикот ќе прифати одреден наставен предмет и каков став ќе заземе кон учењето на истиот. Угледот на наставникот, неговиот пример и влијание, неговиот однос спрема работата, спрема учениците, неговиот успех во педагошката и општествено – културната област, неговиот карактер и други лични особини го градат етичкиот лик на наставникот. Наставничката етика содржи морални норми во поглед на неговото однесување во општеството, односот спрема учениците, спрема наставниците, спрема сопствената работа.

Педагошката етика го истражува и анализира поведението на наставникот (воспитувачот) кон ученикот (воспитаникот), и обратно, поведението на ученикот кон наставникот. Пред неа стојат низа суштински задачи. Наставникот, добивајќи задача да се грижи за напредокот на ученикот, должен е длабоко да ја

уважува неговата личност, а ученикот, пак, од своја страна, исто така треба да го почитува наставникот, да ги следи неговите совети и да му се доверува. Педагошката климата во училиштето е важен услов кој треба да се негува и воспоставува заради развивање здрави педагошки односи меѓу учесниците. Таа е основен потенцијал за мобилизирање и одржување на сите внатрешни принципи.

Современото училиште прокламира воспоставување на демократска клима во училницата и подготвеност на наставникот да ги доведе учениците до активна работа и до соработка. Наставникот се јавува во улога на поттикнувач, помагач, соработник, ја развива свеста за заедничка одговорност со учениците. Во таква клима можно е да се воспостави двонасочна комуникација, да се менуваат позициите и да се конфронтираат мислењата.

Според Стојановиќ (2008), „да се биде добар, веќе не значи да се биде послушен, туку да се биде праведен“. Правилата за однесување се создаваат по заеднички договор меѓу луѓето и токму поради тоа треба да се истакне фактот дека младите ја забележуваат врската меѓу логичкото и моралното. Исто така, како извор на мотивација за морално однесување кај нив често се јавува чувството за емпатија, односно желбата да се помогне некому и да се сфати положбата на другиот во непосредна животна ситуација. Воспитаноста, добрината, принципиелноста и човечноста на наставникот се пројавуваат во неговите конкретни постапки спрема учениците. Односот на учениците спрема учењето најчесто зависи од педагошката праведност на наставникот. Тоа значи дека сознанието што го стекнал наставникот за ученикот треба да кореспондира со чувството за правилно поставување на критериумите за вреднување на резултатите од заедничкиот труд.

Педагошкиот авторитет на наставникот, всушност, го изразува неговиот морален статус во колективот од ученици и колеги. Тој претставува своевидна дисциплина со помош на која наставникот го регулира поведението на воспитаниците и влијае врз нивните убедувања. Педагошкиот авторитет зависи од претходната морално-етичка и психолошко-педагошка подготовка на наставникот. Таа се здобива во долготраен процес, чиј производ може да се согледа од длабочината на знаењето, специјализираноста и односот кон работата на самиот наставник (воспитувач).

Согледувањето и почитувањето на индивидуалните човекови права, како и почитувањето на слободата и достоинството на заедницата, може да овозможи непречен развој на почитување и на универзалните етички вредности.

Постојат некои општи и практични консеквенци кои треба да ги поседува квалитетниот наставник, а кои истовремено се однесуваат на етичноста на неговата работа:

- Прво и основно е дека наставникот не треба да биде само предавач, туку и воспитувач;
- Етиката на наставникот е неоделива од неговите работни, карактерни и други индивидуални особини;
- Професијата наставник, за разлика од многу други професии подразбира комплетна личност и сестран човек, кој ги разбира младите луѓе нивните потреби и проблеми, но во исто време и тие во наставникот да видат соработник и човек кој сака да им помогне;
- Авторитетот на наставникот во разни области или само во една, кој е важен услов за воспитание, не зависи само од неговото знаење и работа, туку и од цврстиот карактер, доследноста, истрајноста, самостојноста и други етички особини;
- Наставникот во ученикот треба да гледа како на личност во развој, да му приоѓа индивидуално и преку соодветна активност да придонесе во развојот на позитивни црти на личноста;
- Младите луѓе повеќе сакаат договор, непосреден контакт, пофалба, примери и предлози, наместонаредби, постојани опомени, автократско однесување;
- Без хомоген и единствен наставнички колектив не може да се биде добар наставник, но не постои ни вистински колектив без солидни и талентирани наставници, со развиена општа и социјална интелегенција и особини на личноста.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Една од најважните димензии во современиот воспитно – образовен процес се улогата, творештвото и личноста на наставникот. Личноста на наставникот е толку важна, колку што се важни методите и принципите што тој ги применува. Со сигурноста, упатеноста, научните сознанија, стручните етички и педагошки квалитети, со амбицијата да го пренесе и направи најдоброто, со благодарноста на задачата и со нејзиното доблесно извршување, наставникот е најдобар пријател на младината, нивни учител и воспитувач, етичар и педагог. Тој младите ги воведува во сложениот етички свет, овозможувајќи им да ги спознаат најважните етички прашања и да се упатат во начините кои помагаат да се реализираат добрите цели во животот.За ликот на успешниот наставник со право се вели дека тој е огледало за однесувањето на младите луѓе. Тоа е логично ако се има предвид дека наставникот, освен како стручњак, врз развојот на младите личности влијае и со својот личен пример и однесување. Таквата

негова моќ се должи, пред сè на неговата огромна љубов кон професијата и децата, како и на големиот број интелектуални и морални и етички вредности што ги поседува, а кои треба да им ги пренесе на учениците.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Biondić, I. (1988). *Autoritarno ili demokratsko strukturiranje profesije nastavnika*, Beograd.
[2] Cvik, B. A. (2010). *Професионалнаја етика: основи општеј теории*, Москва.
[3] Gruden, Z. (1997). *Edukacija edukatora*, Zagreb: Medicinska naklada.
[4] Redžepagić, J. (1989). *Etika nastavnika danas*, Prizren: GKRO „Ramiz Sadiku".
[5] Rosič, V. (1999). Nastavnik - čimbenik kvalitete u odgoju i obrazovanju, Rijeka: Filozofski fakultet.
[6] Стојановиќ, А. (2008). *Методолошки приступи моралном васпитању,* Вршац.
[7] Strike, K. A. (1990). *The legal and moral responsibility of teachers*, San Francisko: Jossey-Bass.
[8] Темков, К. (2011). *Професионална етика*, Кавадарци: „Даскал Камче".
[9] Темков, К. (1999). *Етиката денес*, Скопје: Епоха.